Наум ДИМОВСКИ

# КРУШЕВСКИОТ МАНИФЕСТ ПУЛСИРА ВО АСНОМСКА МАКЕДОНИЈА И ВО СОВРЕМЕНА ЕВРОПА

Крушевската Република е најславната страница на Илинденското востание. Таа е конкретен доказ за самобитноста и државно-правните стремежи на македонскиот народ што било идеал, кон кој со години потоа се стремеле новите генерации за конечно да го извојуваат во НОАВМ и да го крунисаат со АСНОМ, создавајќи слободна македонска држава.

Целите на ослободителната борба на илинденските востаници содржани во Крушевскиот манифест, кои имаат нагласено допирни точки со оние на Францускатa револуција, вткаени се во НОАВМ, асномска и самостојна Македонија. Манифестот пулсира и се препознава и во современите принципи на Европската Унија и Советот на Европа за правата и демократските слободи на граѓаните и научно-демократските принципи во историјата.
Значењето на Крушевската Република и Востанието го зголемува повикот на раководството на Републиката до муслиманското население од околината на Крушево за целите на ослободителната борба. „За да ја објасни смислата на борбата што ја поведе македонскиот народ и за да ги парализира муслиманските маси од Крушевската околија, Штабот и организаторот на Крушевската револуција, нејзиниот идеолог и водач Никола Карев, ја испрати оваа прокламација до турскиот народ во Крушевската околија“ (акад. Љубен Лапе). Повикот бил напишан на македонски јазик, а бил испратен на 6 август 1903 година. Тој претставува возвишен акт, документ и програма - декларација за целите и задачите на револуцијата, за нејзините демократски стремежи што водеа кон братско сожителство и единство меѓу народите. Тука се прокламирани високите начела на македонската револуција за доследна револуционерна борба на сите потиснати маси. „Во Манифестот македонската револуција е прикажана како буржоаско-демократска со социјалистички примеси, и тоа не само на Македонците, но и на другите социјално обесправени и експлоатирани народности, за кои Македонија претставуваше заедничка татковина“ (д-р Орде Ивановски).

Во Манифестот може да се забележат и државно-правните идеали, односно политичката филозофија и идеолошката основа, врз која се темели чинот на Востанието.

За жал, во последните години се појавија и такви историчари (т.н. кројачи на историјата), кои ги девалвираат вредностите и значењето на Манифестот на Крушевската Република и Востанието и ги изврттуваат научно-историските факти и принципи.

### 1. Аспекти на Манифестот

Во Манифестот на релјефен начин се изразени револуционерни начела, повеќе аспекти на состојбата, борбата и слободата, како и стремежот за државотворните традиции на Македонија. Ќе наведеме некои од нив:

- Актуелноста на Манифестот се гледа во тоа што тој го одразува континуитетот на македонската историска реалност на своето време и простор.
- Во Манифестот се истакнува братството со трудољубивиот и чесен турски народ. Манифестот почнува со: „Браќаземјаци и мили комшии... Од дедо прадедо си живееме на оваа земја, ние Ве имаме како свои - и сакаме до крај да останеме како свои".
- Во Манифестот се забележуваат политичките и државно-правните идеали, врз кои се темели чинот на Востанието. Македонија е претставена како политичка посебност со свои политички проблеми.
- Не е испуштено прашањето за полна национална толеранција и респект, за заедница што ќе биде заснована без разлика на народносната и верската припадност и убедување. Манифестот ги пречекори националните рамки. „Македонија е наша заедничка мајка", се вели во него. „Тој во исто време претставува декларација за целите на револуцијата во областа на меѓунационалните односи" (акад. Манол Пандевски).
- Манифестот наполно го исклучува политичкото значење на религиозните разлики меѓу населението. „Ние не излеговме да порисјанчуваме... Вашата вера и Вашата чест ни се толку скапи, колку што ни се скапи нашите" - се истакнува во Манифестот.
- Идејата за рамноправноста доаѓа до израз во Манифестот со тоа што на Турците и на другите националности им се признава статусот на полноправни граѓани во идната слободна Македонија. „Ние не дигнавме пушка против Вас, тоа би било срам за нас" - порачува Манифестот.
- Аспектот слобода, таа вечна младост на народот, е карактеристика за една прогресивно-демократска граѓанска и социјална држава. Манифестот завршува со акламирање на борците за слобода на сите чесни македонски синови. „Ако е потребно, до еден ќе умреме под барјакот на нашата и Ваша слобода и за нашето и Ваше право. Слобода или смрт е напишано на нашите чела и на нашиот крвав барјак" - пишува во Манифестот.
- Манифестот претставува висок дострел во револуционерниот прогрес на своето време, конципиран на класна антифеудална основа со социјалистички принципи и пристап кон одделни проблеми. „И нас и

Вас да не дотераат до питачки стап".

- Во Манифестот се повикуваат муслиманите под барјакот на автономна Македонија, за заеднички да ги скршат ропските окови. Тој завршува со повикот: „Ура! За автономна Македонија".
- Манифестот дава хумана порака за почнатата демократско-ослободителна револуција, која наиде на позитивен одраз кај муслиманското население и кај одделни претставници на цивилната и воената турска власт. „Јунаци, Прокламацијата до моите сонародници ме заинтересира. Од неа, а овие два дена и од Вашите акции разбрав дека залудно сме Ве сметале за ешкии - разбојници. Целта Ви е голема, а борбата смислена. Напред по тој страшен и славен пат, по кој сите народи се добрале до слобода" - се вели во писмото од началникот на гарнизонот во Крушево, Али.

Покрај наведениве, Крушевскиот манифест содржи и други аспекти: етички, интернационален, демократски итн.

**2. Допирни точки со Француската револуција**

Француската револуција е голема, зашто докажа дека ничија свеќа нема да гори вечно, дека нема кралства и царства, дека нема власти на кои им нема крај, дека во животот с# се менува. Таа прокламира уште едно големо прашање - дека човечките права не се состојат само од политичките туку и од економските права.

Иако се разликува од Декларацијата на Француската револуција за правата и слободите на човекот и граѓанинот, Крушевскиот манифест има со неа и многу заедничко во поглед на духот што провејува низ нив, особено во членовите 1, 2 и 3 од Декларацијата. Со Француската револуција францускиот народ го урна феудалниот систем и извојува слобода. Тоа беше патоказ за сите народи во светот како треба да се пресметаат со непријателите на слободата и напредокот.

Член 1 од Декларацијата: „Луѓето се раѓаат и остануваат слободни и еднакви во правата. Општествените разлики може да постојат единствено заради општата корист".

Член 2: „Целта на секое политичко општество е чување на природните и неотуѓивите права на човекот. Тие права се: слобода, своина, безбедност и отпор против угнетувањето".

Член 3: „Народот според своето битие е извор на сувереноста. Никој, ни поединец ни група луѓе, не може да извршуваат власт која не произлегува од народот" итн.[1]

Како што се гледа, во Декларацијата се објавени природните, неотуѓиви свети права, со желба оваа Декларација да биде непрестајно пред очите на сите членови на општеството и постојано да ги потсетува на нивните права и должности, прашања актуелни и во современиот свет.

---

[1] Група автори, Историја Француске, книга II., Београд 1962, стр.45-46.

### 3. Вткаеност на Манифестот во НОАВМ, АСНОМ и самостојна Македонија

Во НОАВМ беа вткаени духот на Илинден 1903 и принципите на Крушевскиот манифест, кои ги водеа и ги бодреа борците во антифашистичката војна: во прогласите, говорите, манифестациите, одлуките и во другите документи. НОАВМ го вгради Манифестот во континуитетот на ослободителната борба на македонскиот народ.

Во Прогласот на ПК на КПЈ за Македонија од 2 август 1941 година, упатен до македонскиот народ по повод 38-та годишнина од Илинденското востание се истакнува: „Илинден е денот на македонската револуција, прва во новата осветена историја на македонскиот народ . . . Како венец на таа неравна борба помеѓу македонскиот народ и турската војска беше Крушевската република на чело со Никола Карев, Питу Гули и Велко Марков"... и натаму продолжува „Македонци, Турци, Арнаути и Власи, на Илинден излезете сите да демонстрирате Вашата воља, Вашето желание и слободата, сите заедно така, како што заедно зедоја участие на Илинденското востание Вашите татковци и постари браќа за демократија, рамноправие и слободен живот".[2]

Во материјалот на ПК на КПЈ за Македонија за годишнината на Илинденското востание од јули 1942 година се вели: „Сите чесни Македонци треба да си спомнат за Илинденското востание, да го видат неговото значење и од тој историски подвиг на македонскиот народ да извлечат поуки за сегашната борба, за остварување на својот вечен идеал - слободна Македонија. Управлението... во формата си на прва македонска народна власт издаде еден манифест од грамадно историско значење... он во кратки и крајни изводи изнесуе мислење и идеите со кои дојде Илинденското востание. Тој пледира на една слободна и автономна Македонија, во која ќе има еднакви демократски права за сите нејзини народности што е населуваат." [3]

Слична содржина има и во материјалот на ЦК на КПЈ по повод 40-годишнината од Илинденското востание, издаден пред 2 август 1943 година, каде што, покрај другото, се нагласува: „Комитетот издаде еден Манифест до турското население околу Крушево, во кој беше содржан скоро целиот програм на Републиката." [4]

Во Манифестот на Главниот штаб на НОВ од октомври 1943 година упатен до македонскиот народ, меѓу другото, се истакнува: „Нашата млада војска под славното знаме на Крушевската република победоносно чекори и смело гази накај исполнувањето на својата голема идеја - ослободување на Македонија... Ве викаме и Вас стари илинденски борци да стапите во редовите на нашата војска... одново воскреснуваат славните денови на Крушевската република и Илинденското востание"...[5]

---

[2] ИНИ, Извори за ослободителната борба и револуција во Македонија, 1941-1945, Скопје 1968, Т.I, книга I., стр. 32.

[3] Исто стр. 236.

[4] Исто стр. 120.

[5] Универзитет Кирил и Методиј, Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава, Скопје 1981, Т.II, стр.407-408.

И така континуирано идеите на Илинденците ќе станат прв лозунг на првото заседание на АСНОМ, на вториот Илинден 1944 година и ќе обврзуваат со истата сила до денешни дни, кога Република Македонија стана самостојна држава и рамноправна членка на ОН. Во Манифестот на Првото заседание на АСНОМ до македонскиот народ, покрај другото, се истакнува: „Во следните денови на Илинденското востание и Крушевската република ти разбра колкава е силината на тоа оражие. Илинденското востание откри пред цел свет колку е тврда твојата решеност да не бидеш роб на никого, ами да заживееш како слободен народ... Илинденци се исполнуваат целите за кои Вие сте се бореле.“ [6]

Со Декларацијата на АСНОМ се прокламирани правата и слободите на сите граѓани, без да се гледа нивната народност, пол, раса и вероисповед. Од аспект на современите барања за човекови права и слободи за заштита на човековото достоинство, Декларацијата на АСНОМ заедно со Крушевскиот манифест се достоинствено историско наследство од пошироко значење.

„И двата меѓника - Илинден 1903 и АСНОМ на ден Илинден 1944 како епохални настани со широка транспарентност кореспондираат меѓусебно и се историски конотативни во наши македонски и балкански, европски и светски рамки. Тука е и одговорот на формулата за илинденската и асномската континуирана актуелност и структуралната втемеленост на АСНОМ во современите македонски простори.“[7]

Принципите на Крушевскиот манифест беа вградени и во првиот устав на Република Македонија од 31.12.1946 година и во уставот на самостојна Македонија од 17.11.1991, во чија преамбула се вели: „Тргнувајќи од историското културно, духовно и државно наследство на македонскиот народ и од неговата вековна борба за национална и социјална слобода и за создавање своја држава, а посебно од државоправните традиции на Крушевската Република и историските одлуки на АСНОМ... се обезбедува граѓанска рамноправност и трајно сожителство на македонскиот народ со Албанците, Турците, Власите, Ромите и другите националности кои живеат во Македонија.“[8]

На тие столбови, од Илинден 1903 и Крушевската Република се потпираше постоењето и развојот на Македонија од 1945 до 1991 година и од 1991 наваму, кога во новите историски околности со референдумот од 08.09.1991, Република Македонија го изведе третиот Илинден. Референдумот само го финализираше она што како основ го поставија двата македонски Илиндена-Илинденското востание и Крушевската Република 1903 и АСНОМ 1944. Одлуката за осмосептемврискиот референдум и Декларацијата за суверена и самостојна држава Македонија само го довршија делото од АСНОМ.

Во 1999 година реален заклучок од историското минато извлече тогашниот претседател на државата Киро Глигоров велејќи: „Без АСНОМ прашање е

[6] Исто стр. 605.
[7] ИНИ, Президиум на АСНОМ-записници, Скопје 1994, стр. VI.
[8] Устав на РМ, Скопје 1991.

дали ќе имаше 8 септември 1991 година, како што без Илинден 1903 прашање е дали ќе го имаше АСНОМ?". Да не беше АСНОМ, сега Македонија не ќе беше ниту самостојна ниту независна. Ќе немаше врз кои основи во 1991 година да се изјасниме за нашиот сегашен статус.

## 4. Препораки и принципи на Советот на Европа за историјата

Основните цели и задачи на Советот на Европа се да ги брани принципите на демократијата и човековите права, да се унапредуваат хуманите вредности, да се подобрува квалитетот на животот и да се работи на разбирање и обединување на народите од Европа.

Ќе цитираме некои од препораките за научно-демократските принципи во историјата, со кои има допирни точки Манифестот на Крушевската Република.

- Луѓето имаат право на своја историја. Историјата претставува еден од начините за повторно пронаоѓање на минатото и создавање на културен идентитет. Граѓаните имаат право да учат историја што не е изманипулирана.
- Наспроти спротивностите и конфликтите, историјата на повоена Европа остави вредности со кои може да се гради основата на новиот заеднички континент. Тоа се: човекови права, демократија, слобода, еднаквост, владеење на законот, миролубивост и толеранција, солидарност, социјална правда, еманципација, меѓународна независност и општа одговорност за создавање пријатен дом за сите.
- Локалната и националната, европската и светската историја треба да претставуваат интегрално единство.
- Феноменот заедништво во европските нации пошироко да се прикажува.
- Да му се дава соодветна тежина на главниот проток на идеи, културни и религиозни елементи, да не се инсистира многу на меѓunационалните антагонизми, но напротив, да се нагласува соработката.
- Историјата да биде синтетизирана појава не само од политичката, дипломатската и воената компонента, туку од сите аспекти: духовен, социјален, економски, културен, научен и технолошки.
- Историјата треба да овозможи да се поврзат етичките, националните и универзалните вредности на системите. Минатото критички да се проучува и да се вреднува.[9]

## 5. Заклучок

Манифестот со своите поставки, пораки и принципи, вградени во асномска Македонија, отсекогаш бил актуелен за македонското битие и во иднина ќе остане како таков во македонската историја. Тргнувајќи од принципите на корелацијата на историјата со современоста, која претставува единствен

[9] Ivo Rendić Miočević, Učenik istražitelj istorije, Zagreb 2000, стр.15-18.

процес, во кој современоста е тесно поврзана со претходните етапи од развојот на општеството, како и потребата материјата што се изучува да се испреплетува со современоста, Крушевскиот манифест и АСНОМ ги актуелизираме. „Нема друго решение, освен она што е речено во Крушевскиот манифест - еднакви права и обврски без никакви дискриминации за сите жители на Македонија“ (акад. Иван Катарџиев). Целта ни е да се сфати развојот на идеите на Манифестот како општествена појава, да се види во кои историски услови никнале, кои главни етапи во својот развој ги минале и од стојалиштето на тој развиток да се согледаат нивните сегашни манифестации кај нас и пошироко во Европа.

Од наведеното може да се заклучи какво е значењето на Крушевскиот манифест како камен-темелник на современа Македонија. Какви биле неговите пораки, каде и кога биле вткаени неговите принципи во националноослободителната борба на македонскиот народ, неговото пулсирање во некои пресудни историски настани од национален и поширок карактер и неговата блискост со настојувањата на современа Европа за поголемо разбирање, толеранција и доверба меѓу граѓаните и државите.

**Литература**

1. Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том II, Универзитет Кирил и Методиј, Скопје 1981.
2. Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија, 1941-45, том I., книга 1 и 2, ИНИ, Скопје, 1968.
3. Зборник на документи АСНОМ, 1944-64, ИНИ, Скопје 1964.
4. Президиум на АСНОМ, записници, ИНИ, Скопје 1964.
5. Жорж Лефевр, Шарл Х.Путас, Морис Бомон, Историја Француске, књига II, Београд 1961
6. Ivo Rendić Miočević, Učenik istražitelj prošlosti, Zagreb 2000.
7. Група автори, Никола Карев - време и дело, Скопје 1977.
8. Група автори, Прилози за Илинден, Крушево, 1978.
9. Крушевски манифест, ИНИ, Скопје, 1983.
10. Пет години самостојност, Нова Македонија, Скопје, 1996.